**SCCA - SKOPJE**
ANNUAL EXHIBITION

SOROS CENTER FOR CONTEMPORARY ARTS
- SKOPJE, MACEDONIA

# '94

# IMAGE BOX

# КУТИЈА СО СЛИКИ

СОРОС ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ
- СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА

ГОДИШНА ИЗЛОЖБА
ANNUAL EXHIBITION

**ДЕЛ А 16 - 24.12. 1994.**

# Трајковски Златко

## Олтари



ПРОСТОРИЈА 1

SCCA - Skopje
ANNUAL EXHIBITION

*Виолета Блажеска и*
*Богдан Грабулоски*

# ЛИКОВНА АКЦИЈА ВО ПРИРОДА



Целта на проектот е видео записот *Ликовна акција во природа* да се транспортира во затворен простор, односно во галерија. Да се проектира да се исцепка, исечка и да се созададе визуелен колаж во простор преполн со боја, ритам и друго, во зависност на променливоста на светлината.

# Стојановиќ Мирослав - Шуки

# СВЕТИ ...



...Овој објект е во чест на Андреа Мантења и неговата слика Св. Себастијан, како симбол на човековата способност да се смени на подобро. Кај Св. Себастијан - (за мене) не е важна неговата решеност да умре за блискиот свој, туку јачината на неговиот внатрешен свет. Фасцинира таа моќ на концентрација и лична снага со која човекот може да ја исклучи надворешната стварност и да ја наметне својата како единствено валидна. Таа способност сум пробал да ја прикажам во објектот Свети....

ПРОСТОРИЈА 6

## *Станковски Александар*

# КАПЕЛА ЗА ХАЛУЦИНАЦИИ

Капела за халуцинации е видео, илуминативна и аудитивна симулација на комплексноста и контрадикторноста на човечката структурализација на сопствената културно-цивилизациска емпирија. Поаѓајќи од еколошкиот безизлез, па се до морално -политичкиот крах, во кој глобал-но или партикуларно се наоѓа денешниот свет еден сосема пристоен граѓанин со сосема скромна аналитичка предиспонираност за спекулативно подредување на хаосот, би генерирал своеврсна пародија, при ова чудно еманирање на можната бесконечна низа од вака кодифицираните футуролошки структури. Токму за овој вид параноични граѓани со своеврсен интелектуален набој и без идеолошка определба, е проектирана таканаречената *Капела за халуцинации*. Овој храм за параноици е психоментален терапевтски центар, во кој тие ќе можат да ги екстеоризираат своите социјални и психолошки забранети содржини и да постигнат своеврсно празнење на оптеретената подсвест. *Капелата за халуцинации* е само еден мал сегмент од големиот проект за воспоставување на нова утописка свест, во која идеолошкиот семантички код ќе биде заменет со естетичкиот, а канонската ригидност на веке, истрошените религиско-идеолошки содржини со инвенцијата на прагматично менување на контексти.



*Игор Тошевски*

# ФРАГМЕНТИ

“Во кревет си слободен да правиш што сакаш“. (од еден германски филм).

Приказна за креветот (постелата): Љубовници - тоа што останува е споменот на допирот, зборови, ликот...

“Креветот“ на R. Raunshenberg 1959. Деперсонализиран. Проектиран на ѕидот. Луѓето што ги паметам отпосле.

Човек што спие.

Kienholz? Деновите во “подрумот“ на Државната болница 1989. Бол. Страв.

“Постелата му е тргната од под него. Несреќа.“ (Книга на промени).

Замислувам голем број телевизори (направа што ме фасцинира до ден денес) симултано пренесуваат ликови, делови од ликови, делови на персони. Тела (што ги посакуваме), во ред логичен на едност: Покретот на човекот од едниот монитор (екран) продолжува во другиот. Така работат како едно. Тешко изведливо. Комплицирано.

Непотребно.

Безсмислено. Непрактично..

“Хоризонтално настануваат големите дела“........

П.С.

За полесно толкување на просторот: Секакво симболично толкување е случајно. Делото директно произлегува од личните (не)искуства на авторот. Повторувана слика не е непродуктивна во своето делување но....




ПРОСТОРИЈА 7

# *Абјаниќ Драган*

# PCL 82

Телевизијата мисли на Вас. Сите нејзини канали мислат на Вас. Таа ви подготвува инстант срека. Телевизијата сака исцело да и припаѓате, да и бидете верен, верна. Промената на каналот е исто толку страшна како и промената на религијата. Тоа е грев, нели? Но, тоа е што е и ја продавате душата, а во замена го примате светот.

Е, а на почетокот беше PCL 82.

Станува ли човекот ме́нтална скулптура пред ТВ приемникот или пак неговата мисловност преку него ќе го доведе до него самиот симнувајќи го од пиедесталот на секојдневието?




SCCA - SKOPJE
ANNUAL EXHIBITION

SCCA - Skopje
ANNUAL EXHIBITION

# основа



кат




SCCA - Skopje
ANNUAL EXHIBITION

**ДЕЛ А 16 - 24.12.**

ДЕЛ В 27.12 - 6.1.

ДЕЛ С 10 - 19.1.

**АБЈАНИЌ ДРАГАН**
**АРХИМЕДИЈАЛА**
**БЛАЖЕСКА ВИОЛЕТА** И
**ГРАБУЛОСКИ БОГДАН**
ВАНГЕЛИ ЖАНЕТА
ДИМИТРОВА ИСКРА
DOEZE PATRICK
ЈАНКУЛОВСКИ РОБЕРТ
МАНЕВСКИ БЛАГОЈА
МАЗНЕВСКИ АНТОНИ
МИХАЈЛОВ ДРАГАН
СВЕТИЕВА АНЕТА
**СТАНКОВСКИ АЛЕКСАНДАР**
**СТОЈАНОВИЌ МИРОСЛАВ - ШУКИ**
**ТОШЕВСКИ ИГОР**
**ТРАЈКОВСКИ ЗЛАТКО**
ЦВЕТКОВ ВЕНКО
ШУМКОВСКИ ЈОВАН